TIKVEŠ

SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

## ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР

**Потребни квалификации:**

·Завршено високо образование
·Одлично познавање на англиски јазик
·Одлично познавање на Microsoft Office
·Претходно искуство со координирање на проекти и проектна документација
·Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**

·Фокусираност кон резултати
·Професионалност и деловна култура
·Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
·Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знаења и вештини
·Организираност и посветеност на детали
·Комуникативност

**Клучни одговорности:**

·Учество во дизајнирање на нови проекти и активности за аплицирање
·Планирање на проекти во согласност со потребите на компанијата
·Изработка на план и стратегија на активности на ниво на проект
·Постојана комуникација со проектниот тим со цел да се обезбеди максимална ефикасност и оптимална стратегија
·Следење и контрола на активностите по план за работа
·Редовна комуникација со соработниците, организациите и останатите клучни учесници во проектите
·Изработка на извештаи за реализација на проектни активности
·Креирање и водење на целокупната проектна документација
·Организирање и учество на состаноци поврзани со проектите
·Континуирано следење на статусот на проектните активности

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 11.08.202**3** година.